**Соопштение за заверка на зимскиот семестар и упис на летен семестар во учебната 2024/2025 година за студентите на ТРЕТ циклус - докторски студии**

Се известуваат студентите на ТРЕТ циклус студии, на Природно-математичкиот факултет во Скопје, заверка на зимскиот семестар и упис на летен семестар во учебната 2024/2025 година ќе се одвива **до 11.02.2025 до 24.02.2025 година.**

**Уписот ќе се одвива во Одделението за студентски прашања на Шалтер 4 - приземје (нова зграда) од 11:30-13:30 часот.**

Одговорно лице за студентите од ВТОР циклус студии, **Ивана Мицевска – Ристовска, соработник за магистерски и докторски студии,** ivanam.ristovska@pmf.ukim.mk и Раководител на одделението за студентски прашања, Кети Костадиновска, keti@pmf.ukim.mk

Обрасците може да ги подигнете и пополните при уписот од Шалтер 4, бидејќи истите се повлечени од продажба.

**Потребни документи:**

**I Студенти запишани по прв пат ВО ПРВИОТ УПИСЕН РОК од учебната 2024/2025 година**

1. Индекс, со собрани потписи од предметните професори за запишаните предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување, од првиот семестар,
2. образец за запишување на летниот семестар (II) во учебната 2024/2025 година (А3),
3. образец за заверување на зимскиот семестар (I) во учебната 2023/2024 година (А4),
4. Уплатница/потврда уплатена на образец ПП50 или уплатена по електронски пат (да се приложи испечатен налог), на жиро-сметката на факултетот, за уплатен надоместок за упис на летен семестар семестар на ТРЕТ циклус студии, Институт за _______ во уч.2024/2025 г.

**II Студенти запишани по прв пат ВО ВТОРИОТ УПИСЕН РОК во учебната 2023/2024 година**

1.Индекс, со собрани потписи од предметните професори за запишаните предметите од II семестар и Извештај од кандидатот (во слободна форма), одобрен од менторот и потпис од менторот во индекс, согласно структурата на студиските програми, докторските студии во втор семестар опфаќаат задолжителна активност Истражувачка работа под менторство (подготовка на предлог-проект за докторски труд), која се вреднува со 14 ЕКТС кредити, а согласно ЗВО припаѓа на Независен истражувачки проект за изработка на докторскиот труд под менторство (докторски проект).

| Семестар | Тип на предмет/активност | Опис на предмет/активност | ЕКТС | Припадност согласно ЗВО |
|---|---|---|---|---|
| Втор | Задолжителен | Истражувачка работа под менторство (подготовка на предлог-проект за докторски труд) | 14 | Независен истражувачки проект под менторство (докторски проект) |

Услов за доделување на ЕКТС-кредитите е подготовка на предлог-проект за докторски проект во форма на Извештај за истражувањата што ќе бидат опфатени во докторскиот труд.

Реализираната активност и доделувањето на ЕКТС-кредити се остварува/докажува со:

пријава ([Образец О6-ПТДТ-Пријава на тема на докторски труд]**)**;

- Извештај од кандидатот (во слободна форма), одобрен од менторот (во три примероци, поднесен преку архивата на факултетот);
- потпис од менторот во индекс.

2. образец за запишување на летниот семестар (III) во учебната 2024/2025 година (А3),

3. образец за заверување на зимскиот семестар (II) во учебната 2024/2025 година (А4),

4. Уплатница/потврда уплатена на образец ПП50 или уплатена по електронски пат (да се приложи испечатен налог), на жиро-сметката на факултетот, за уплатен надоместок за упис на летен семестар семестар на ТРЕТ циклус студии, Институт за ______ во уч.2024/2025 г.

**III Студенти запишани по прв пат ВО ПРВИОТ УПИСЕН РОК во учебната 2023/2024 година**

1. Индекс, со собрани потписи од предметните професори за запишаните предмети, како и потписи од раководител/ментор за остварени обрски согласно структурата на студиската програма на трет циклус,
2. образец за запишување на летниот (IV) семестар во учебната 2024/2025 година (А3),
3. образец за заверување на зимскиот (III) семестар во учебната 2024/2025 година (А4),
4. Уплатница/потврда уплатена на образец ПП50 или уплатена по електронски пат (да се приложи испечатен налог), на жиро-сметката на факултетот, за уплатен надоместок за упис на летен семестар семестар на ТРЕТ циклус студии, Институт за ______ во уч.2024/2025 г.

Ве известуваме, дека доколку ги немате приложило соодветните документи наведени погоре за реализација и на активноста од II семестар - Истражувачка работа под менторство (подготовка на предлог-проект за докторски труд), односно немате доставено во вашето досие Извештај од кандидатот (во слободна форма), одобрен од менторот и потпис од менторот во индекс, да го направите тоа задолжително во периодот за упис.

**IV Студенти запишани во учебната 2022/2023 година**

5. Индекс, со собрани потписи од предметните професори за запишаните предмети, како и потписи од раководител/ментор за остварени обрски согласно структурата на студиската програма на трет циклус,
6. образец за запишување на летниот (V-втор уписен рок) и (VI –прв уписен рок) семестар во учебната 2024/2025 година (А3),

5. образец за заверување  на зимскиот (IV-втор уписен рок) и (V–прв уписен рок) семестар во учебната 2024/2025 година (А4),
6. Уплатница/потврда уплатена на образец ПП50 или уплатена по електронски пат (да се приложи испечатен налог), на жиро-сметката на факултетот, за уплатен надоместок за упис на летен семестар семестар на ТРЕТ циклус студии, Институт за _______ во уч.2024/2025 г.

**V <u>Студентите запишани ПО ПРВ ПАТ во учебните години од: 2017/2018 до 2021/2022 година</u> не** треба да запишуваат семестар, бидејќи веќе имаат запишано 6 семестар-повторно во уч.2024/2025 година. Доколку има студенти кои немаат запишано, треба приложат индекс, барање за продолжување на прекинати студии и образец за запишување на семестар (А3) (6 семестар-повторно).

**<u>Начин на уплата</u>** Студентот ја плаќа школарината за 6 (шест) рати, при упис на секој семестар, заклучно со шестиот семестар.

**<u>Уплатата се врши на жиро-сметката на факултетот :</u>**

| | |
|---|---|
| - назив и седиште на примач | ПМФ – Скопје |
| - банка на примач | НБРСМ |
| - трансакциска сметка | 100000000063095 |
| - сметка на буџетски корисник на ПМФ | 1600110804 788 19 |
| - приходна шифра-програма-начин | 723012 - 41 – 2 |
| - цел на дознака | (*надоместок за упис на летен семестар на ТРЕТ циклус студии, Институт за _______ во уч.2024/2025 г.) |

*износот на надоместокот за уплатата за семестарот, треба да се уплати според средниот курс на НБРСМ, кој што важи на самиот ден на уплата.

На ден 04.11.2024 година се одржа состанок со Деканот на Факултетот, продеканот за наставни и студентски прашања, продеканот за наука и меѓународна соработка и Секретарот се донесе следниов заклучок: во интерес на студентите кои се запишале на докторски студии на Факултетот **до учебната 2024/2025 година, повторното запишување на предмети/активности**, што подразбира плаќање половина од вредноста на ЕКТС-кредитите што се однесуваат на предметот/активноста што ја презапишува студентот (член 74, став 3 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетски гласник бр. 530/2020), **нема да се применува**.

За студентите запишани на докторски студии на Факултетот **во учебната 2024/2025 година, повторното запишување на предмети/активности,** што подразбира плаќање половина од вредноста на ЕКТС-кредитите што се однесуваат на предметот/активноста што ја презапишува студентот (член 74, став 3 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус

академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетски гласник бр. 530/2020), **ќе се применува од учебната 2025/2026 година.**

**Важни напомени** за студентите запишани ПО ПРВ ПАТ ВО УЧ.2024/2025 ГОДИНА – повторно запишување на предмети/активности, кои ќе се применуваат од уч.2025/2026 година

Износот на трошоците за студирање по семестар е утврден за редовно исполнување на обврските на студентот согласно со структурата на студиската програма, односно распределбата на кредити и обврски по семестри. Доколку студентите ги немаат положено предвидените предмети (сите или дел) или ги немаат завршено активностите (сите или дел) од претходните семестри (зимски или летен), треба истите да ги презапишат во соодветните семестри (зимски или летен) во учебната 2025/2026 година.

При повторно запишување на предмети/активности, студентот плаќа половина од вредноста на ЕКТС-кредитите што се однесуваат на предметот/активноста што ја презапишува, согласно, Член 74, став 3 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.530/2020).

Други правила за студирање - Запишување кредити во семестар **Член 74**
(1) Студентите во еден семестар запишуваат до 30 ЕКТС-кредити.
(2) Доколку студентот не ги реализира запишаните предмети/активности од семестарот, нив ги презапишува во наредниот семестар.
(3) При повторно запишување на предмети/активности, студентот плаќа половина од вредноста на ЕКТС-кредитите што се однесуваат на предметот/активноста што ја презапишува.

**ПРАВНИ АКТИ** Сите информации, соопштенија, правни акти можете да ги најдете на веб страницата на Универзитетската школа на докторски студии линк, во продолжение дел од нив. Соопштенијата за заверка и упис на семестрите ги објавува факултетот, на нашата веб страница https://pmf.ukim.edu.mk

- Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.530/2020). Линк

- Упатство за реализација на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје линк
- Водич за студентите на трет циклус студии –докторски студии линк
- Структурата на студиските програми за докторски студии линк
- Академски календар на Универзитетската школа за докторски студии во академската 2024/2025 година линк

- Обрасци за студирање линк

10.01. 2025 г. Од деканатот,